Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за правосудство

Бр. 21-2504/3
Скопје, 15-10-2024 година

ДО
ФОНДАЦИЈАТА ЗА ИНТЕРНЕТ И
ОПШТЕСТВО МЕТАМОРФОЗИС
Ул. „Франклин Рузвелт“ број 19

СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: известување

До Министерството за правда преку Владата на Република Северна Македонија согласно Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на РМ“ бр.99/2011) на мислење доставивте Предлог – иницијатива со наслов „Креирање на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите“, како придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2025 година.

Министерството за правда со внимание ја разгледа доставената предлог – иницијатива во рамки на Секторот за правосудство и согласно своите законски надлежности предвидени во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 121/24 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19,110/19, 154/19 и 121/24), Ве известува дека нема забелешки по однос на истата и смета дека треба да биде дел од Програмата за работа на Владата за 2025 год. Ова особено имајќи го предвид штетното влијание на дезинформациите врз владеењето на правото, довербата на граѓаните врз институциите, демократијата и целокупното општествено живеење.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Воедно, сакаме да Ве известиме дека Предлогот на Кривичниот законик е потполно усогласен со Рамковна Одлука на Советот од 28 ноември 2008 година за спречување на одредени форми и појави на расизам и ксенофобија преку кривично право, Директива на Европскиот Парламент и Советот од 15 Март 2017 за спречување на тероризам, која ја заменува Рамковната одлука на Советот 2002/475/JHA и дополнува Рамковната Одлука 2005/671/JHA, Директивата на Советот 2000/43/EC од 29 јуни 2000 за примена на принципот на еднаков третман меѓу лицата без разлика на раса или етничка припадност. Предлогот исто така содржи ново кривично дело „Загрозување на стабилноста на банкарскиот систем“, каде како дејствие на извршување е инкриминирано тој што со искористување на своето реално или претпоставено влијание, службена или општествена положба и углед, со лажни изјави или исправи ќе изнесе во јавноста неточни информации со што ќе се загрози стабилноста на банкарскиот систем.

Во однос на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, Ве известуваме дека истиот е усогласен со Директивата 2010/13/ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги.

Со оглед на мултидисциплинарната природа на проблемот со дезинформациите и штетното далекусежно влијание кое го имаат истите, сметаме дека треба да се земат во предвид и мислењата на другите надлежни органи, до каде и е доставен предлогот на мислење.

Продолжувањето на процесот на реформи и натамошниот развој на правосудниот сектор, односно независно, одговорно, транспарентно и достапно правосудство, отпорно на внатрешни и надворешни влијанија, кое ги штити човековите права и обезбедува владеење на правото на ефикасен начин, како и истовремена заштита на јавниот интерес се едни од приоритетите на Министерството за правда, содржани во стратешкиот документ усвоен од страна на Владата на Република Северна Македонија насловен како „Секторската развојна стратегија за правосудство за 2024 – 2028 со Акциски план“.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Воедно, Ве известуваме дека Министерството за правда по однос на доставената Предлг - иницијатива до Владата на Република Северна Македонија достави известување со позитивно мислење.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
Игор Филков

Подготвила: Николина Микеска Костадиновска- раководител на сектор
Одобрила: Валентина Шаурек, државен советник


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification